РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УПI Бр. 25-140
8. 08. 2013 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08, 53/11, 123/12 и 70/13), постапувајќи по барањето на **ДУТП АВТО-СИГУРНОСТ ДОО Струмица** со **УП I Бр. 25 -140** од 31.07.2013 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

**1. Се овластува ДУТП АВТО-СИГУРНОСТ ДОО Струмица за вршење на стручни работи во постапките за:**

**- единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T и R;**

**- испитувања за одобрување на преправени возило од категориите M и N (согласно член 7 точки 1, 2, 3, 4, 5, 6, 13 и 14 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија" бр.7/10))**

за инспекциско место Подружница Радовиш – Оддел за инспекција.

2. Со влегување во сила на ова РЕШЕНИЕ, престанува да важи РЕШЕНИЕТО ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА со УП I бр. 25-2 од 17.09.2012 година.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**ДУТП АВТО-СИГУРНОСТ ДОО Струмица** до Министерството за економија поднесе барање со **УПI Бр. 25-140** од **31.07.2013** година со кое бара овластување за техничка служба за вршење на работите:

**- Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T и R** , согласно член 2 став (1) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12 и 59/13) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и основното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.21/10) и

**- Испитување за одобрување на преправено возило од категориите M и N** согласно член 6 став (1) точки 1, 2, 3, 4, 7, 8, 10, 14, 15 и 20, член 7 точки 1, 2, 3, 4, 5, 6, 13 и 14 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, за инспекциско место Подружница Радовиш – Оддел за инспекција.

Кон барањето се поднесени следните документи:

- Предлог за овластување за вршење дејност техничка служба со бр. 1509-3669/2 од 01.08.2013 година, издадено од органот за одобрување – Бирото за метрологија ;

- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр. ИТ-046 од 26.07.2013 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија;
- Доказ за тековната состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица, издаден од Централниот регистар на Република Македонија бр. 0805-9/3807од 25.07.2013 година;
-Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех, издаден од Централен регистар на Република Македонија бр. 0905-22/109 од 25.07.2013година;
- Копии од обрасците М1/М2 за дипломиран машински инженер Козовски Горанчо, дипломиран машински инженер Филипов Слободан, дипломиран машински инженер Лика Исак, дипломиран инженер по патен транспорт Коцев Златко, сообраќаен техничар Мите Шумаров и техничар за инегрален и индустриски транспорт Манојлов Петре;
- Доказ за осигурување од одговорност – Полиса бр. 6000190000011 од 27.05.2013 година; и
- Изјава за поседување на деловен простор и опрема заведена под бр.94/1 од 29.07.2013;

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила, Правилникот за одобрување на тип на моторни возила со две или три тркала, Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила и системите, составните делови и самостојните технички единици наменети за таквите возила, Правилникот за одобрување на земјоделски и шумски трактори и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) и (5) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93 ... 84/12 ) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**МИНИСТЕР,**
**Ваљон Саракини**

Изработил: Пеце Андоноски
Контролирал: Нериман Џеладини
Согласен : Билјана Д. Стојановска
Одобрил: Анче Трифунов